Кенет Е. Хегин

# НОВОРАЃАЊЕ

*И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото.*

—2 Коринќаните 5:17

*„Не е важно од која црква сте. Најважното нешто е од кое семејство сте?“*

# ПОГЛАВЈЕ 1

## Новородени
## Во Божјото семејство

Клучот што ги отклучува сите Божји ветувања е ова: Исус поучува дека човекот мора повторно да се роди. Следниве изјави се кажани од Исус:

„*Ако некој не се роди одозгора, не може да го види царството Божјо*“, (Јован 3:3).

„*Ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо*“, (Јован 3:5).

„*Вистина ви велам, ако не се промените и не бидете како деца, нема да влезете во царството небесно*“, (Матеј 18:3).

„*Но, ако не се покаете, сите така ќе изгинете!*“ (Лука 13:3,5).

Новото раѓање е неопходно за спасение. Преку новото раѓање доаѓате во правилен однос со Бог. Новото раѓање е неопходно пред да можете да барате некоја од придобивките од Библијата.

Новото раѓање не е: потврда, членство во црква, крштавање во вода, учество во светите тајни, држење некои религиозни должности, интелектуален прием на христијанството, православие на верата, одење во црква, кажување молитви, читање на Библијата, да се биде морален само пред луѓето, да се искуси културолошка или карактерна промена, да се прават добри дела, давање максимален напор, ниту, пак, некоја од многуте други работи во кои многумина веруваат за да бидат спасени.

Никодим, кому Исус му се обратил во врска со новото раѓање, поседувал повеќето од особините кои штотуку ги наведовме, но Исус му рекол, „*Мора да се родиш озгора*", (Јован 3:7).

Разбојникот, кој висеше на крстот, и другите на кои Исус им ги простил додека бил на земјата, биле спасени без овие работи. Тие едноставно го направиле она што било неопходно - го прифатиле Исус Христос како личен Спасител со тоа што се покајале и се обратиле кон Бог со сето срце како мали деца.

Оној кој е новороден автоматски ќе ги има надворешните докази за добар живот врз основа на новото раѓање. Но, има милиони, за жал, кои веруваат дека нивните добри дела ги спасуваат. И милиони ќе умрат и ќе бидат загубени без да искусат новораѓање затоа што биле наведени да веруваат погрешно во врска со вистината за новото раѓање.

Важно е да посветиме лично внимание на нашата вечна благосостојба и да не им веруваме дури ни на најдобронамерните луѓе во врска со тоа прашање. Ако дозволиме луѓето да нè поведат на

погрешен пат во однос на вечни работи и го загубиме патот, ќе биде предоцна лично да се увериме во нашата благосостојба. Направете нешто околу тоа сега.

Немојте да мислите дека не можете да бидете измамени. Не заземајте став дека вашата црква е единствената вистинска црква и дека не може да ве доведе во заблуда. Вашата црква можеби е во право во своето поучување во врска со новораѓањето. Но, уверете се така што ќе ја читате Библијата и ќе видите со своите очи и ќе знаете со своето срце дека сте помирени со Бог, дека го имате вистинското новораѓање и дека живеете помирени со Бог секој ден.

Нема смисла да се залажувате. Или сте новородени или не сте. Или сте навистина спасени или ве лажат да мислите дека сте и сте загубени.

Вие го знаете вашиот живот и вашиот вистински однос со Бог. Затоа, осигурајте

се дека сте навистина спасена личност која има жив однос со Бог.

Културата, префинетоста и надворешната побожност во организирана црква или надвор од неа не можат да го заземат местото на новото раѓање. Зашто проблемот, знаете, е во срцето.

Исус рекол, „*Зашто однатре, од срцето човечко, излегуваат лоши помисли, прељубодејства, блудства, убиства, кражби, лакомства, лукавства, пакости, злоби, око завидливо, богохулство, гордост, безумство. Сето тоа зло однатре излегува и го осквернува човекот*“, (Марко 7:21-23).

Проблемот е во срцето, во внатрешниот човек, во духот. Нема да бидете спасени единствено ако го реформирате надворешниот човек или надворешниот живот.

Уметникот може да стави прекрасно обоена облога од восок на надворешната страна на едно расипано јаболко, но

јаболкото и понатаму ќе остане скапано во срцевината. Еден залак е доволен самите да ја вкусите распаноста.

Надвор од Христа секој човек е гнил во срцето. А само надворешна побожност во животот, без Христос, е вештачка и лицемерна практика. А Исус зборувајќи за оние што ги нарекол лицемери вели, „*Многу личите на варосани гробови, што однадвор изгледаат убаво, а внатре се полни со мртовечки коски и секаква нечистотија*“, (Матеј 23:27).

# ПОГЛАВЈЕ 2

## Од смрт во живот

Библијата е мистериозна книга сè додека не го најдеме клучот што ја отвора. Тогаш престанува да биде мистерија и станува порака. Постојат два збора кои ја отвораат Библијата за да ја разбереме, а тие зборови се *живот* и *смрт*.

Смртта е мистерија низ вековите. Науката е целосно нема во нејзиното присуство и е неспособна да ја објасни. Филозофијата станува поезија кога ќе се сретне со овој страшен непријател на човекот. А теологијата само општо се занимавала кога се обидувала да ја објасни.

Смртта, тој навидум крвав непријател, ја започнала својата работа на самиот почеток на човечкиот род и го следи низ текот на вековите до денес. Смртта не била дел од создавањето, ниту дел од

првобитниот Божји план. Дури и физичката смрт е непријател на Бог и непријател на човекот. Библијата вели во 1 Коринќаните 15:26 дека физичката смрт е последниот непријател што ќе биде уништен.

Меѓутоа, пред да ја разбереме природата на смртта, мора да ја разбереме природата на човекот. Човекот не е физичко суштество. Човекот е дух. Всушност, човекот е *дух,* кој поседува *душа* и живее во *тело,* (1 Солунците 5:23).

Кога Исус му рекол на Никодим, „*Треба да се родите озгора*“, (Јован 3:7), Никодим размислувал телесно и прашал, „*Како може човек да се роди кога е стар? Зар може по вторпат да влезе во утробата на мајка си и да се роди?“ Зашто, роденото од тело, е тело; а роденото од Дух, е дух*“, (Јован 3:4,6).

**Новото раѓање е повторно раѓање на човечкиот дух.**

Вистинскиот човек е дух. Духот дејствува преку душата (интелектот, емоциите и волјата на човекот). А душата пак, дејствува преку физичкото тело.

Сега, човекот, кој е дух, и неговата душа живеат во физичко тело. При физичка смрт, човекот и неговата душа го напуштаат физичкото тело и заминуваат во својот вечен дом.

Во Лука 16:19–24, Христос ни го дава искуството на богатиот човек и Лазар.

**ЛУКА 16:19-24**

„Си беше еден богат човек кој се облекуваше во порфир и во свила, и секој ден живееше раскошно и се веселеше. А еден сиромав, по име Лазар, лежеше пред вратата негова сиот покриен со красти. Кој сакаше да се нахрани со трошките што паѓаа од трпезата на богатиот; и кучињата доаѓаа и ги лижеа

раните негови. Умре сиромавиот и ангелите го однесоа во пазувите Авраамови; умре и богатиот и го погребаа. И во пеколот, додека беше во маки, ги подигна очите свои и го виде оддалеку Авраам и Лазар во неговите пазуви. Тогаш тој извика и рече: ‘Оче Аврааме, смилувај ми се и прати го Лазар да го накваси својот прст во вода и да ми го разлади јазикот зашто многу страдам во овој пламен!’“

Лазар и богатиот сѐ уште биле свесни. Човекот кога ќе умре не е исто како кога ќе умре животно, иако некои луѓе сакаат да верувате дека е исто. И не постои такво нешто како успивање на душата.

Во Библијата се зборува за неколку видови смрт, но постојат три вида со кои треба да се запознаеме: 1) духовна смрт, 2) физичка смрт, 3) вечна смрт или втора смрт, која се фрла во огненото езеро со сулфур.

Духовната смрт прва настапила на земјата, а потоа се манифестирала во физичкото тело уништувајќи го. Физичката смрт е само манифестација на законот кој дејствува внатре, наречен од Павле, „*закон на гревот и смртта*“, (Римјаните 8:2).

Кога Бог му рекол на Адам, „Во денот кога ќе јадеш од него, сигурно ќе умреш“, Тој не мислел на физичка смрт, туку на духовна смрт. Ако човекот никогаш не умрел духовно, немало да умре ни физички.

Духовната смрт значи одвојување од Бог. Од моментот кога Адам згрешил, тој бил одвоен од Бог. И кога Бог слегол во мугрите на денот, како што било Негов обичај да оди и да разговара со Адам, Тој повикал, „Адаме, каде си?“ Адам одговорил, „Се скрив“. Тој бил одвоен од Бог.

Човекот сега е соединет со ѓаволот. Тој е отфрлен, одметник, протеран од

градината без правна основа да му пристапи на Бог. Тој повеќе не одговара на Божјиот повик. Тој ѝ одговара само на својата нова природа или на својот нов господар. Човекот е повеќе од престапник. Тој е повеќе од прекршувач на законот и грешник. Човекот е духовно дете на ѓаволот и соучесник во природата на својот татко.

Ова објаснува зошто човекот не може да се спаси со добро однесување. Тој треба да се новороди. Ако човекот не беше дете на ѓаволот, тогаш ќе можеше да почне да се однесува правилно и сè ќе беше во ред. Но, дури и да се однесува правилно, тој сепак е дете на ѓаволот и е на пат кон пеколот по смртта - во огненото езерото со сулфур, што е втора смрт.

Човекот не може да стои во присуство на Бог таков каков што е затоа што во себеси ја има природата на својот татко, ѓаволот. За да може човекот да биде

спасен, тој треба да биде спасен од некој што ќе ја плати казната за неговите гревови и од некој што ќе му даде нова природа. Може да земете муле со големи уши и да се обидете да направите тркачки коњ од него. Можете да му ги средите забите и да го однесете на педикир за полирање на копитата. Можете да го храните со најдобрата храна, да го трчате по патеката секој ден и да го сместите во најдобрата штала. Но, на денот на трката кога ќе се огласи пиштолот, мулето само ќе истрча на патеката затоа што е муле. Трчањето по патека едноставно не е негова природа. Меѓутоа, ако земете тркачки коњ, и без да се грижите толку добро за него, кога ќе го поставите на стартната линија и ќе се слушне пиштолот, тој веднаш истрчува по патеката. Тоа е неговата природа. Тој е роден и дресиран на тој начин. За тоа старо муле да стане тркачки коњ ќе треба повторно да се новороди, а тоа е невозможно.

Човекот, пак, кој е дух што живее во тело, може повторно да се роди. Неговата природа може да се промени. Тој може да стане ново создание во Христос Исус.

Не е важно колку еден човек е добро образован, колку дипломи има стекнато, колку пари има, колку добар социјален работник е, ниту пак, колку е религиозен - човекот не може да стои во Божјото присуство. Неговата природа е грешна. Човекот е изгубен денес, не поради тоа што го прави, туку поради тоа што е. (Она што го прави е резултат на она што е.) На човекот му е потребен *живот* од Бог бидејќи тој е духовно *мртов*. Фала му на Бог, Христос нѐ откупи од духовната смрт.

**ЈОВАН 5:26**

„Зашто, како што Отецот има живот во Себе, така Му даде и на Синот да има живот во Себе“.

Новиот човек, Исус Христос, немал смрт во Себе. Тој не бил роден како нас и ја немал духовната природа на смртта, ѓаволот, во Него. Сепак, Библијата вели во Евреите 2:9 дека Тој вкусил смрт за секој човек.

Исус Христос ја зел на Себе нашата грешна природа. Во Евреите 9:26, Тој вели, „*Се јави за да го однесе гревот, откако се принесе Сам Себе како жртва*.“ Тој ја зел на Себе нашата грешна природа, природата на духовната смрт, за да имаме вечен живот.

Исус рекол, „*Крадецот доаѓа само да украде, да убие и да погуби. Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие*“, (Јован 10:10).

Тој исто така изјавил, „*Вистина, вистина ви велам: го слуша словото Мое и верува во Оној Кој Ме пратил, има живот вечен и нема да дојде на суд, туку преминал од смртта во животот*“, (Јован 5:24).

Исус дошол на Земјата да нè откупи од духовната смрт! Адам бил протеран од Дрвото на животот бидејќи го отфрлил Божјото Слово. Според Откровение 2:7, сите што сега го прифаќаат и го слушаат Божјото Слово се враќаат кај Дрвото на животот.

Новото раѓање не се случува постепено. Тоа е моментално! Тоа е Божји дар добиен во моментот кога ќе поверуваме.

Во Ефешаните 2:1 пишува дека вие, кои бевте мртви во своите престапи и гревови, а тоа е духовната смрт, Тој ве оживеа, ве воскресна. А стиховите 8 и 9 ни кажуваат како дошло до тоа:

**ЕФЕШАНИТЕ 2:8-9**

„Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас – туку дар Божји! Не е од дела, за да не се пофали некој“.

Не е според делата! Тоа задава удар на егото. Човекот сака сам да направи

нешто за да се спаси. Тој сака да има удел во тоа. Но, не може.

Треба едноставно да ги признаете беспомошноста и вашата безнадежност. Мора да признаете дека сте токму она што го вели Библијата - загубени грешници. Потоа дојдете и прифатете го она што Христос го обезбедил за вас - дар!

Дали сте преминале од духовна смрт во духовен живот?

Дали Бог е ваш Татко? Можете ли да погледнете кон небото и да кажете ‚Татко небесен"? Дали Неговиот Дух во вашиот дух сведочи дека сте Божји деца? Дали го имате Светиот Дух во вашиот дух кој вика, „Ава, Оче"?

Го имате ако сте новородени. Ако не сте новородени, прифатете го Христос како ваш Спасител денес!

**РИМЈАНИТЕ 8:14-16**

„Сите оние што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји. Зашто вие не примивте дух на ропство, за да бидете во страв, туку Го примивте Духот на посинувањето, преку Кого велиме: ‘Ава, Оче!’ Самиот Дух Му сведочи на нашиот дух дека ние сме чеда Божји“.

# ПОГЛАВЈЕ 3

## Новораѓање

„И така, кој е во Христос, тој е ново создание; старото помина, и ете, се создаде новото“.

—2 Коринќаните 5:17

Новото раѓање е *ново создавање* озгора - директно дејствување на Божјото Слово и Божјиот Дух врз вашиот живот - целосно менување на вашиот дух кога искрено се каете и се вртите кон Бог. Оваа *ново создание* се случува на следниов начин:

- Признајте дека сте грешници, загубени, без Бог и без надеж, (Римјаните 3:23).

- Признајте дека Исус Христос умрел на крстот за да ве спаси од гревот со Неговата скапоцена крв.

• Дојдете кај Бог, оддалечувајќи се од гревот и исповедајќи го Исус како ваш Господ - *и одново ќе се родите*. (Тогаш Светиот Дух ќе ве направи ново создание, нови луѓе, чистејќи ве од секаков грев со авторитетот на Божјото Слово и со Христовата крв која беше пролеана како откуп вашиот грев).

• Верувајте во срцето и исповедајте со својата уста дека Бог навистина ви ги простува гревовите и дека сте одново родени.

## *Верувајте и исповедајте*

Еве неколку стихови кои ви покажуваат за што имате авторитет да верувате и да исповедате:

**РИМЈАНИТЕ 10:9-10**

„Зашто, ако со устата исповедаш дека Исус е Господ и во срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од

мртвите, ќе се спасиш. Бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение“.

**ЈОВАН 1:12-13**

„А на сите што Го примија – на сите што веруваа во Неговото име – им даде моќ да станат чеда Божји. Кои не по крв, ни по желба на телото, ни од похот машка, туку од Бога се родија“.

**Јован 6:37**

„А кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор“.

О каква основа за верата!

Невозможно е некој човек да дојде кај Него и да биде истеран! Исус вели, „А *кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор*“.

**Јован 3:14-21**

„И како што Мојсеј ја подигна змијата во пустината, така треба да се издигне и Синот Човечки. Та секој што верува во

Него да не загине, но да има живот вечен. Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот. Зашто Бог не Го испрати Својот Син во светот за да му суди на светот, туку светот да се спаси преку Него. Кој верува во Него – нема да биде суден, а кој не верува, тој е веќе осуден, зашто не поверувал во името на Единородниот Син Божји. А овој суд е затоа што Светлината дојде на светот, но луѓето повеќе ја засакаа темнината отколку светлината, зашто нивните дела беа зли. Зашто секој, што прави зло, ја мрази светлината и не оди кон светлината, за да не бидат разоткриени неговите дела (бидејќи се лукави). А оној што твори вистина, оди кон светлината за да се видат неговите дела, бидејќи се по Бога извршени.“

**Јован 3:36**

„Кој верува во Синот, има вечен живот; а кој не верува во Синот, нема да види живот, но гневот Божји ќе биде врз него.“

**Јован 5:24**

„Вистина, вистина ви велам: кој го слуша словото Мое и верува во Оној Кој Ме пратил, има живот вечен и нема да дојде на суд, туку преминал од смрт во живот“.

**Дела 3:19**

„Покајте се, пак, и обратете се, за да се исчистите од гревовите ваши“.

**Ефешаните 2:8-9**

„Зашто по благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас – туку дар Божји! Не е од дела, за да не се пофали некој“.

Имате разум сами да видите што вели Библијата. Повторно предупредуваме: не слушајте ги толкувањата на они што го

извитоперуваат едноставното Слово и ве збунуваат!

Тие не се грижат за вашата душа или не би сакале да ви ги украдат вашите вистински христијански искуства. Кога воопшто би имале љубов за вас, тие барем би дозволиле да верувате во Библијата онаква каква што е. И тие би ве охрабриле да ги доживеете тие библиски вистини.

Кога тие толку се борат да ви ги украдат овие придобивки, би биле неразумни да не се разбудите и да видите дека тие се слуги на ѓаволот во испраќањето на луѓето во пеколот. Не е важно дали тие се најпрефинетите и најпрекрасни религиозни луѓе што некогаш сте ги сретнале; тие не се Божји службеници ако ви го одземат Божјиот благослов.

Библијата вели, „*И не е за чудење! Па и самиот сатана се преправа во ангел на светлината; па затоа и не е големо нешто ако и служителите негови се*

*преправаат како слуги на правдата; но нивниот крај ќе им биде според делата нивни*“, (2 Коринќаните 11:14–15).

# ПОГЛАВЈЕ 4

## Водата на новото раѓање

Читаме дека Исус рекол, „*Затоа, не чуди се што ти реков: вие треба да се родите озгора*“, (Јован 3:7). Непосредно пред тоа, Исус рекол, „*Вистина, вистина ти велам: ако некој не се роди од вода и Дух, не може да влезе во царството Божјо*“, (Јован 3:5).

Што е *водата* на новото раѓање? Што значи оваа вода на новото раѓање?

Дали се однесува на крштавањето во вода? Дали тоа ве спасува? Не, Исус не зборува за тоа овде.

Словото Божјо е водата за која се зборува во Јован 3:5. Да го докажеме тоа читајќи неколку стихови од Новиот завет.

**ЕФЕШАНИТЕ 5:26**

„За да ја освети, исчистувајќи ја со водна бања преку словото“.

**JOВАН 6:63**

„Духот е тој што оживува; телото ништо не помага. Зборовите што ви ги кажав се дух и живот“.

**JOВАН 15:3**

„Вие сте веќе чисти преку словото, што сум ви го проповедал“.

**JOВАН 17:17**

„Посвети ги со Својата вистина. Твоето слово е вистина“.

**1 ПЕТАР 1:23**

„Како преродени не од распадливо семе, туку од вечно преку словото на живиот Бог, Кој живее во сите векови“.

**ЈАКОВ 1:18**

„Зашто Тој нè роди по својата волја преку словото на вистината за да бидеме првина меѓу Неговите созданија“.

Човек мора да верува во она што Божјото Слово го кажува за човекот, дека човекот е грешник и дека Христос умре за да го спаси од секаков грев. Тогаш, ако човекот му ги исповеда своите гревови на Бог и се оттргне од гревот со сето срце и верува во евангелието, тој се усогласува со Божјото Слово. Тогаш Светиот Дух ќе го преобрази неговиот живот со силата на Божјото Слово и со Христовата крв. Во истиот момент, тој се новораѓа!

Ова ново создание, новороденото Божјо дете, потоа треба да верува во Божјото Слово и да живее според него. Мора да почне да ја чита Библијата и да му се моли на Бог. Тој треба да оди и да живее во духот и да се сообрази согласно со Божјото Слово како што прима светлина.

Да се биде повторно роден, да се стане Божјо дете, е најважно. Тоа е клучот што ви ги отклучува сите Божји ветувања. Зашто, кога ќе станете Божјо дете, тогаш Божјите ветувања стануваат ваши.

# ПОГЛАВЈЕ 5

## Факти за новото создание

Верници, христијани, еве неколку библиски факти за *новото создание* во Христос:

### *Вие сте Божји деца*

Ниту една вистина во целата Библија не е толку далекусежна како благословениот факт дека кога повторно ќе се родиме во Божјото семејство: *Бог Таткото станува наш Татко*. Тој се грижи за нас! Тој е заинтересиран за нас, за секој од нас поединечно, не само како група или како тело или црква. Тој е заинтересиран за секое свое дете и го сака секој од нас со иста љубов.

Многу се слуша за *татковството* на Бог и за човечкото *братство*, но на некои многу религиозни луѓе, Исус им

рече, „Вие сте од вашиот татко ѓаволот“, (Јован 8:44). Бог е Творецот на целото човештво, но човекот мора да се новороди за да стане Негово дете. Тој е Бог на светот, но Татко само на оние што станале ново создание.

Бог е ваш Татко. Вие сте Негово дете. И ако Тој е ваш Татко, можете да бидете сигурни дека ќе го заземе местото на татко и ќе го врши својот дел. Можете да бидете сигурни дека како ваш Татко, Тој ве љуби и ќе се грижи за вас. (Видете Јован 14:23; Јован 16:23,27; Матеј 6:8–9,26, 30–34; Матеј 7:11).

Запознајте се со вашиот Татко преку Словото. Кога се newродивте, вие бевте родени во Неговото семејство како духовни бебиња. Бебињата кога ќе се родат мора да јадат природна храна за да се развијат и да растат. Библијата ги поучува Божјите деца, „*Како новородени деца бидете желни за вистинско и духовно млеко, та во него да пораснете*“, (1 Петар 2:2). Тоа е во

Словото каде што дознаваме за нашиот Татко, за Неговата љубов, за Неговата природа, како Тој се грижи за нас и како нѐ љуби. Тој е сѐ што Словото кажува дека е. Тој ќе направи сѐ што Словото вели дека ќе направи.

## *Вие сте нов човек - ново создание — нов вид*

Мило ми е што сум нов човек. Имав само 15 години, но се сеќавам кога тоа се случи. Нешто се случи во мене. Почуствував како некој да симна товар од два тона од мојот грб. Не само што нешто отстапи од мене, туку нешто влезе во мене. Не бев истата личност. Се случи внатрешна промена.

Во новото раѓање, нашите духови се создаваат одново. (Што не е случај со нашите тела. Во нашиот дух нештата станаа нови. Сѐ уште ги имаме истите тела што отсекогаш ги имавме). Постои човек кој живее во телото. Павле го

нарекува *внатрешен човек*. (Тој го нарекува телото *надворешен човек*).

## 2 КОРИНЌАНИ 4:16

„Но, ако нашиот надворешен човек тлее, внатрешниот од ден на ден се обновува“.

Петар го нарекува овој внатрешен човек *скриена личност во срцето,* (1 Петар 3:4). Овој човек е скриен за физичкото око. Никој не може да го види вистинскиот внатрешен човек. Можеби мислат дека можат, но ја гледаат само куќата (телото) во која живеете. Вие однатре гледате кон надвор. Истото важи и за луѓето што ги познавате: никогаш не сте го виделе вистинскиот човек однатре. Не знаете како изгледа. Сте ја виделе само куќата во која живеат. Кога куќата на човекот е распадната, вистинскиот човек сè уште живее. Вистинскиот човек никогаш не умира.

Токму овој внатрешен човек станува нов човек во Христос. Ново создание.

Внатрешниот човек е оној што е роден во Божјото семејство, и тој е Божјо дете, и тој е во совршено единство со Господарот.

## *Вие сте едно со Господарот*

**1 КОРИНЌАНИТЕ 6:17**

„А кој се соединува со Господ, еден дух е со Него“.

Верникот и Исус се едно. Исус рекол, „*Јас сум лозата, а вие сте лозинките*“, (Јован 15:5). Кога гледате во дрво, не ги замислувате гранките како еден дел, а остатокот од дрвото како друг дел. Го гледате како едно, како целина. Ние сме едно со Христос. Нашите духови се едно со Него. Исус е главата, а ние сме телото.

## *Сите работи се можни за вас*

Никој не се расправа со Светото Писмо кое вели, „*За Бог сè е можно*“, (Матеј 19:26). Сепак, Новиот завет вели и, „*Сè му*

*е можно за оној што верува*“, (Марко 9:23).

Дали овие стихови се подеднакво вистинити? Дали едното може да биде фактичка изјава, а другото погрешна концепција? Лага? Не! И двете изјави се факт.

*Сѐ е можно за оној што верува*. Ми помага кога возам и го исповедам тоа. Ми помага кога се соочувам со навидум невозможна ситуација да кажам гласно, „Сѐ е можно за оној што верува. И јас верувам!“

# *Поголемиот е во тебе*

**1 JOВАН 4:4**

„Вие сте, чеда, од Бога и нив сте ги победиле, зашто Оној, Кој е во вас, е поголем од оној што е во светот“.

## *„Вие сте, чеда, од Бога“*

Ова е уште еден начин да се каже дека сте родени од Бог. Го вели истото што и 2

Коринќаните 5:17 го вели, дека ако некој е во Христос, тој е ново создание. Јован ни кажува дека сме родени од Бог, дека сме повторно родени, дека нашите духови се пресоздадени, дека сме од Бог.

За жал, многу христијани не знаат дека се родени од Бог и дека добиле вечен живот (Божјите живот и природа). Тие мислат дека вечниот живот е нешто што „ќе го имаат“ кога ќе стигнат во рајот. Многумина мислат дека едноставно добиле само простување на гревовите.

Ако само сме научени дека нашите гревови се простени и дека ќе останеме оправдани пред Бог само ако внимателно одиме пред Него, а никогаш не сме научени дека Божјата природа е во нашите духови, тогаш гревот и сатаната ќе продолжат да владеат над нас.

Но, кога знаеме дека човекот однатре, вистинскиот човек, е *повторно роден* и е

*ново јас* во Христос Исус, тогаш ќе управуваме и ќе владееме над сатаната.

„*Вие сте, чеда, од Бога и нив сте ги победиле; зашто Оној, Кој е во вас, е поголем од оној што е во светот*“, (1 Јован 4:4).

Оној што е во светот е богот на овој свет - сатаната (2 Коринќаните 4:4). Но, фала му на Бог, поголем е Оној што е во нас од богот на овој свет! Оној што е во нас е поголем од сатаната. Оној што е во нас е поголем од демоните. Тој е поголем од злите духови. Тој е поголем од болеста. Тој е поголем од слабоста. Тој е Поголемиот! И Тој живее во мене! Тој живее во вас! Оној што е *во вас* е поголем од која било сила со која може да се соочите.

## 2 КОРИНЌАНИТЕ 6:16

„Вие сте храм на живиот Бог, како што рекол Бог: ‘Ќе се вселам во нив и ќе одам меѓу нив; ќе им бидам Бог, а тие ќе бидат Мој народ’“.

Колку христијани се свесни за фактот дека Бог живее во нив? Звучи претерано. Но, што значи овој стих ако не значи токму она што го кажува?

Време е црквата да се фокусира на Бог кој престојува во нас. Предолго црквата гледала само на слабостите, болестите, инфериорноста, комплексите, проблемите и сиромаштијата. Само за тоа разговаравме и размислувавме при што се создаде сериозна состојба на сомнеж, неверување и духовен неуспех во црквата. Оваа психологија на невера ни го одзеде енергичниот и полн со вера христијански живот што Исус отсекогаш сакаше да го живееме.

**ЈОВАН 10:10**

„Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат во изобилие“.

Кога знаеме дека Животодавецот живее во нас, Авторот на сиот живот насекаде спуштен во ликот на Неговиот Син, преку

силата на Светиот Дух, да слезе и да живее во нас, тогаш нашето битие ќе зрачи *Живот*!

„Поголем е Оној што е во вас од оној што е во светот“. Сфатете го тоа. Вие сте од Бог. Вие сте родени од небесата. Истиот моќен Дух Кој го воскресна Христос од мртвите, живее во вас. Не е ни чудо што Библијата вели, „*Сè е можно за оној што верува“*. Тоа е затоа што Бог, за Кого сè е можно, живее во нас!

## Молитва за покајание и примање на Исус како Спасител

Драг небесен Татко, доаѓам кај тебе во името на Исус.

Твоето Слово вели, „*Кој доаѓа кај Мене, нема да го избркам надвор“,* (Јован 6:37), затоа знам дека нема да ме истераш надвор, туку ќе ме примаш и ти благодарам за тоа.

Во Своето Слово исто така си рекол, „*Бидејќи секој кој ќе го повика името*

*Господово, ќе биде спасен*“, (Римјаните 10:13). Јас го повикувам Твоето Име, и затоа знам дека сега сум спасен.

Исто така си рекол, „*Зашто, ако со устата исповедаш дека Исус е Господ и во срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш; бидејќи со срцето се верува за оправдание, а со устата се исповеда за спасение*“, (Римјаните 10:9-10). Верувам во моето срце дека Исус Христос е Божји Син. Верувам дека Тој воскресна од мртвите за мое оправдување, и сега јас го признавам како мој Господ.

Затоа што Твоето Слово вели, „*Со срцето човекот верува за праведност*“, и јас верувам со моето срце, и затоа сега станав Божја праведност во Христос (2 Коринќаните 5:21). И јас сум спасен!

Ти благодарам, Господи!

Потпис ______________________________

Датум _______________________________